| | |
|---|---|
| **Република Северна Македонија** | **Republika e Maqedonisë së Veriut** |
| **ОСНОВЕН ГРАЃАНСКИ СУД СКОПЈЕ** | **GJYKATA THEMELORE CIVILE SHKUP** |
| **СУ-02-23/20** | **AGJ-02-23/20** |
| **19.03.2020 година** | **viti 19.03.2020** |
| **С к о п ј е** | **Sh k u p** |

Врз основа на член 88 од Законот за судовите („Службен весник на РМ" број 58/06, 35/08, 150/10, 83/18, 198/18 и „Службен весник на РСМ" број 96/19), член 2 став 2, член 13 став 1 и член 15 од Судскиот деловник („Службен весник на РМ" број 66/13 и 114/14), како и одлуката за прогласување на вонредна состојба на територијата на Република Северна Македонија од 18.03.2020 година донесена од Претседателот на Република Северна Македонија, Претседателот на Основен граѓански суд Скопје, на ден 19.03.2020 година, донесе:

# У П А Т С Т В О
## за начинот на работа на Основен граѓански суд Скопје за време на прогласената вонредна состојба

**I.** Судиите на Основен граѓански суд Скопје кои согласно одлуката на Судскиот совет на Република Северна Македонија под број 02-606/1 од 17.03.2020 година ќе извршуваат определени работи од дома (проучување на предметите и доаѓање во судот во деновите за судење, пишување на одлуките при што се користи информатичко компјутерската технологија), до Претседателот на Основен граѓански суд Скопје да достават писмено известување со наведување на деновите во кои ќе работат од дома, а во останатите денови да се јавуваат на работа и работните обврски да ги извршуваат во просториите на Основен граѓански суд Скопје.

**II.** Судиите на Основен граѓански суд Скопје редовно да ги изготвуваат судските одлуки по предметите во кои е заклучена расправата.

**III.** Сите судии и вработени во Основен граѓански суд Скопје задолжително и редовно да бидат достапни на службените телефонски броеви, во работното време на судот, вклучително и судиите и вработените кои користат право на платено отсуство од работа согласно мерките на Владата на Република Северна Македонија.

**IV.** Вработените и судските службеници распоредени на работа во одделението за прием редовно да примаат пошта во предвиденото време за прием.

**V.** Автоматската распределба на предметите од страна на судските службеници овластени за вршење на автоматската распределба на предметите преку автоматизираниот компјутерски систем за управување со судските предмети да се врши непосредно пред истекот на работното време на судот.

**VI.** Во однос на итните предмети за кои се закажани рочишта да се доставуваат податоци до припадниците на судската полиција, најдоцна еден ден пред одржување на рочиштата, со наведување на број на предмет, ден и час на одржување на рочиштето, бројот на судницата и податоци за странките и нивните полномошници, поради пропуштање на странките и нивните полномошници од страна на

припадниците на судската полиција непосредно пред одржување на рочиштата.

**VII.** Согласно известувањето од Апелационен суд Скопје под СУ-03-211/20 од 18.03.2020 година до Апелационен суд Скопје да се доставуваат само предметите од итен карактер опфатени со одлуката на Судскиот совет на Република Северна Македонија под број 02-606/1 од 17.03.2020 година, при што истото да се однесува и во однос на достава на предмети до Врховен суд на Република Северна Македонија.

**VIII.** Задолжително и интензивно да се користи доставата на судските писмена по електронски пат, во предметите каде постои техничка можност за истото, при што судските службеници и вработените редовно да проверуваат каде се исполнети услови за електронска достава.

**IX.** Во однос на легализацијата на странски исправи, предметите за меѓународна правна помош и замолници, да се постапува врз основа образложено барање за потребата од итност, доставено до Претседателот на Основен граѓански суд Скопје и одобрено од негова страна.

**X.** Судските писмена кои е потребно да се доставуваат до странките, а кои не се однесуваат на предмети од итен карактер, да се чуваат во судските оддели, а по завршување на состојбата парцијално да се доставуваат преку доставната служба на судот.

**XI.** Вработените и судиите во Основен граѓански суд Скопје по можност паузата да ја користат во просториите на судот, а да го напуштаат и да се враќаат во судот за време на пауза, само во случај на итни и неопходни потреби.

**XII.** Јавноста, странките и учесниците во постапката, како и нивните полномошници, при доставување на своите барања, на начините предвидени во Законот за парничната постапка и Судскиот деловник, да наведуваат адреса за електронска пошта и телефонски број, со цел да бидат контактирани и одговорите да им бидат доставувани по електронски пат.

**XIII.** Јавноста и странките во постапките за сите податоци во врска работењето и постапување на Основен граѓански суд Скопје да се информираат преку официјалната и редовно ажурирана веб - страна на судот, преку Судскиот портал на Република Северна Македонија: www.sud.mk или директно на: www.osskopje2.mk.

**XIV.** Ова упатство влегува во сила и се применува со денот на донесувањето.

**ОСНОВЕН ГРАЃАНСКИ СУД СКОПЈЕ**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**ILIR SULEJMANI**

**ДА СЕ ДОСТАВИ ДО:**
- Судска управа
- Претседатели на судски оддели
- Огласна табла на судот
- ВЕБ страна на судот
- Судска полиција
- Судски совет на РСМ
- Апелационен суд Скопје